## МИРЈАНА ДАНАИЛОВСКА - МИНА ВО УЛОГА НА ТЕКСТОПИСЕЦ

# Отсекогаш велев дека ТОШЕ треба да оди НА ЕВРОВИЗИЈА

Во жолтата соба во Универзална сала, меѓу сите композитори, текстописци и аранжери, во саботата ја забележавме и познатата Мирјана Данаиловска - Мина. Таа беше заедно со Кире Костов за да види дали нивната песна "Хеј синоока, хеј босонога" ќе биде таа што Тоше ќе ја пее во Истанбул.

До нејзиното појавување во Универзалната сала малкумина знаеја дека некогашната позната водителка на Македонската телевизија, поранешната советничка во кабинетот на Георгиевски и сопруга на поранешниот министер за здравство Драган Даниловски и порано пишувала текстови за Тоше. Таа во интервјуто за "Вест", уште во декември 2000 година, откри дека од дете определбата ѝ била музиката и дека и денес седнува покрај клавирот нешто да засвири. Таа има завршено средно музичко училиште, но музичката академија не ја завршила кога во 1972 година се вработила како спикер во Телевизија Скопје.

- Порано, покрај мојата работа во телевизијата, одвреме- навреме се релаксирав пишувајќи текстови на некои тогашни композитори, како што се Драган Мијалковски, Љупчо Константинов, Љубомир Бранџолица, за Тоше "Илузија", па за малата Мартина некои песни и други. Тоа ме исполнува, тој наплив на инспирација доаѓа спонтано и тоа го правам повеќе од задоволство.

■ **Задоволни ли сте од тоа како пејачите ви ги донесуваат песните?**

- Да. "Илузија" е композиција со тежина, од аспект на мелодиската линија, прекрасниот аранжман, но, за жал, увото на нашиот млад човек сé уште не е научено да слуша такви ноти. Да кажам, условно се палиме на прозаични текстови и на брзи ритми. Знаеме што слушаат младите сега и не сум премногу задоволна колку ја слушам по радијата, иако таа композиција во соработката со Кире Костов доби награда на фестивалот во Русија "Славјански базар".

■ **А за "Хеј синоока, хеј босонога"?**

- Апсолутно сум задоволна. Кога ги слушнав композицијата, лирскиот тоналитет и мелодиската линија со фолклорни елементи, ме асоцираа на една елегична, носталгична песна од нашето поднебје и на вечната тема - печалбарство, иселеништво, љубов, разделба. Иако некој по свое видување може да ја доживее и како љубов на човекот кон својата земја или љубов кон својата жена. Тоше е исклучителен пејач, тоа го знаеме сите, со виртуозни гласовни способности, со исконска интерпретација, со посебна харизма и јас од него очекувам - да остане тука, но да замине во светот и да направи мало чудо. Да видат како се компонира тука и какви гласовни можности имаме. Мислам дека песната ќе живее и ќе се пее и тоа како "Чија си", зашто како во неа да има некој космички, исконски порив, кој го чувствува оној што ја слуша. И колку повеќе ја слушаш, повеќе ја доживуваш.



*Ова не им е прва соработка: Мина и Кире Костов*

■ **Во интервјуто за "Вест" пред повеќе од три години го кажавте ова: "Треба да се заборави на човечките страсти, суети и политика, па сите несебично и заедно, композитори, текстописци и аранжери, да го направат најдоброто; сите заеднички да седнат и да ја направат најдобрата композиција, објективно и без љубомора. Но, притоа однапред да се знае дека вокалниот интерпретатор ќе биде Тоше Проески. Бидете убедени дека на тој натпревар ќе се чуе за Македонија". Што значеше тоа?**

- Тоа беше една моја сугестија. Реков дека доколку најдобрите наши композитори без суета и љубомора напишат песна за најдобриот кај нас, Тоше, тој навистина повисоко ќе котира. Верувам дека во Истанбул ќе се најде на солидно место иако, сепак, мислам дека и тоа место ќе биде нереално.

***В.Миленковска***

Фото: Г. Чочков

# Конкурс за детски Евросонг

Јуниорскиот "Евросонг" годинава ќе се одржи во Лондон. И овој пат Македонија ќе земе учество со свој претставник. Македонската радио-телевизија распиша конкурс за националниот избор кој ќе се одржи во јуни. Според правилата на ЕБУ, право на учество имаат деца од 8 до 15 години. Творбите треба да се испратат во форма на демо-снимка и да бидат во траење најмногу до 2.45 минути. Текстот треба да биде испратен посебно, во три примероци, со назначена шифра на авторот. Конкурсот ќе трае до крајот на март, па комисијата ќе одлучи кои песни ќе влезат во трка за наследник на Марија Арсовска и Викторија Лоба, кои нé претставуваа лани во Копенхаген. ***(М.Џ.)***



*Ланските претставнички Марија Арсовска и Викторија Лоба со придружните вокали и со танчарките*

# Утре "Бубамара" ќе ги награди најпопуларните

Утревечер во скопската Универзална сала, во 20 часот, по седми пат ќе одржи една од најпопуларните манифестации кај нас, "Златна бубамара на популарноста". Организаторите од радио "Бубамара" овој пат се скржави во откривањето на деталите од сценариото. Се знае само дека ќе има интересни гости, промоција на неколку нови песни и многу смеење со стандардниот водител Тони Михајловски.



Наградата за животно дело ќе ја добие Димитар Масевски.

Малкуте билети што беа пуштени во продажба се распродадени за неколку часа. Оние што не успеале да ги набават, снимката ќе ја гледаат одложно на скопската телевизија "Канал 5". ***(М.Џ.)***